# Политика за квалитет на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

А1 Македонија е посветена на обезбедување и одржување на највисоки нивоа на квалитет, безбедност и достапност на производите и услугите кои ги обезбедуваме за нашите корисници.

Ние, како компанија сме посветени на постојано усовршување на квалитетот и иновативноста во работењето следејќи ги следните принципи:

**Посветеност на квалитет**
Ние сме целосно одговорни за квалитетот на нашата работа и целосно сме посветени на извршување на работата најдобро што можеме давајќи максимум од нашите способности. Ние ги имаме целосно прифатено и применето принципите на процесниот пристап на работа во нашата посветеност на усовршување, ефикасност и ефективност во работењето.

**За нашите корисници**
Ние обезбедуваме производи и услуги кои целосно ги задоволуваат и надминуваат потребите на корисниците и регулаторните институции. Ние работиме во согласност со стандардите за квалитет, поставените процеси и процедури, стандардите за безбедност и во согласност законските процеси и регулативи.

**За компанијата и групацијата**
Ние сме посветени на постигнување на планираните резултати преку зголемување на нашата корисничка база и зајакнување на нашата позиција на пазарот.

**За нашите партнери**
Ние сме целосно посветени на одржување и извршување на квалитетна деловна соработка, поддршка и во најдобра волја одржување на партнерските односи и очекувања на највисоко ниво.

**За нашите вработени**
Ние обезбедуваме оптимална работна средина за нашите вработени, воведуваме и имплементираме програми за обуки и ја користиме секоја можност за личен и професионален развој на вработените. Истакнувајќи дека нашите вработени се нашата најголема вредност, компанијата континуирано инвестира во градење на високо мотивиран тим посветен на работата.

**За нашето општество и животната средина**
Ние го извршуваме нашето работење со огромна општествена одговорност и во согласност со стандардите за животна околина. Голем поддржувач и учесник сме на хуманитарните настани, поддржувајќи значајни социјални и општествени каузи.

**Континуирано подобрување**
Ние континуирано се стремиме кон подобрување на квалитетот на нашето работење преку иновации, бенчмаркинг, учење, споделување и учество во програми за континуирано подобрување. Ние воведуваме и одржуваме соодветни контроли и извршуваме периодични проверки на остварувањето на целите:

- Идентификување за елиминирање на сите форми на вишоци во процесите кои не донесуваат вредност за корисникот
- Креирање на компетитивни предности за сите операции
- Континуирано додавање вредност на процесите и сите аспекти на бизнисот

- Снабдување на производи и услуги со висок квалитет кои ги задоволуваат потребите на корисниците
- Достава на време на исправни и без дефекти производи на нашите корисници
- Елиминирање на неусогласеностите во работењето
- Намалување на бројот на жалби
- Зголемување на нивото на задоволство на корисниците

Оваа Политика за квалитет ќе биде прегледувана еднаш годишно од страна на Управниот одбор.

Скопје, септември 2019

Извршен Директор

Мислав Галер


А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, сите права се задржани